Д О Г О В О Р

за постапување со посебните текови на отпад и исполнување на обврските произлезени од ЗАКОНОТ ЗА ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД

Склучен на.....2023 год. помеѓу следните договорни страни:

1.Друштвото за управување со масло и отпадно масло ОИЛТЕК ДОО Скопје со седиште на ул. БУЛЕВАР 3-ТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА бр.72 Скопје, Аеродром Скопје со ЕМБС: 7729901, со ЕДБ: 4032023560554, емаил: oiltek.kontakt@gmail.com, застапувано од управителот Борче Кузмановски од Скопје, од една страна како колективен постапувач и

2.Друштво_____ул._____бр._____–_____, ЕМБС _____, електронско сандач _____
застапувано од управителот _____, од друга страна како договорен производител.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Овој Договор се склучува согласно одредбите од член 20 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (во понатамошниот текст Законот за проширена одговорност), Законот за управување со отпад и Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

Во смисла на одредбите од споменатите закони, дефинициите го имаат следното значење:

1.Друштво за постапување со посебните текови на отпадни гуми ГУМАТЕК ДОО Скопје е колективен постапувач односно непрофитно правно лице кое има Дозвола за управување со посебен тек на отпад за колективен постапувач и кое во име и за сметка на договорен производител обезбедува постапување со посебните текови на отпад;

2.Договорен производител е лице кое врши дејности или активности со кои за првпат пушта одделни производи на пазарот во Република Северна Македонија или увезува како краен корисник стоки со чија употреба се создаваат отпадни производи што припаѓаат на посебните текови на отпад,

кое е регистрирано кај стручниот орган согласно законските прописи за постапување со посебните текови на отпад и кое поради тоа има обврска да преземе дополнителни мерки на одговорност и да применува посебни правила на управување со посебните текови на отпад;
3.Отпадна гума" е гума чијашто употребна функција завршила и која крајниот корисник ја исфрла, има намера да ја исфрли или од него се бара да ја исфрли со исклучок на отпадот и остатоци од преработка на употребувани гуми со кои се постапува согласно со прописите за постапување со посебните текови на отпад;

4.„Колективен постапувач со отпадни производи" е правно лице кое е основан и поседува дозвола за колективен постапувач за постапување со посебните текови на отпадни гуми, отпадни масла, отпадни возила и отпаден текстил, согласно со прописите за проширена одговорност на договорен производител (во натамошниот текст: колективен постапувач);

Член 2

Договорниот производител може да ги остварува обврските на проширена одговорност со склучување на договор со само еден колективен постапувач. Во таа смисла, договорниот производител изјавува дека нема склучено и дека во периодот на важност на овој Договор нема да склучи договор за постапување со отпад со друг колективен постапувач.

Член 3

Сите дефиниции кои се користат во овој Договор го имаат значењето утврдено со одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, Законот за постапување со посебните текови на отпадот и Законот за управување со дополнителни текови на отпад, како и правилниците и упатствата за спроведување на наведените Закони донесени од надлежните државни органи.

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни во врска со постапување со посебните текови на отпад која договорниот производител ја создава при вршењето на својата дејност или активност.

Член 5

При исполнувањето на своите договорни обврски, договорните страни ќе се водат од националните целите за постапување со посебните текови на отпад утврдени со Законот за проширена одговорност.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

Член 6

Колективниот постапувач има обврска да обезбеди преземање, одделно собирање, привремено складирање, транспортирање, третман, преработка, повторна употреба и / или рециклирање и отстранување на остатоците од преработката на отпад создаден од договор производител.

Преземените обврски колективниот постапувач ги исполнува сам или ги доверува на трети физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи за постапување со посебните текови на отпад издадени од надлежни државни органи.

Член 7

Колективниот постапувач е должен редовно да го информира договорниот производител за законската регулатива и подзаконските прописи во врска со постапување со посебните текови на отпад како и обврските кои произлегуваат за договорен производител од тие прописи.

Одредбава од став 1 на овој член не ја исклучува обврската на договорниот производител за самостојно следење на законските и подзаконските прописи во врска со постапување со посебните текови на отпад и воведување новини во работата.

Колективниот постапувач е должен да му овозможи на договорниот производител целосен увид во својата документација како и исполнувањето на обврските кои се однесуваат на постапување со посебните текови на отпад.

Член 8

За вршење на работите од овој Договор, колективниот постапувач ќе изготвува и ќе му доставува фактура на договорниот производител врз основа на податоците содржани во месечниот извештај, во износ кој ќе биде пресметан врз основа на нето тежината на отпадта, по единица парче на отпад изразена во килограми и соодветната цена за постапување со тој тип на отпад утврдена во Ценовникот кој е составен дел на овој Договор.

Фактурите ќе бидат изготвувани еднаш месечно и доставувани до договорниот производител најдоцна десеттиот ден во месецот за претходниот месец.

Договорниот производител е должен да го плати надоместокот најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена од денот на издавањето на фактурата или според рокот на плаќање наведен во фактурата.

Член 9

Ценовникот споменат во член 8 е составен дел на овој Договор и истиот треба да биде потпишан од двете договорни страни.

Колективниот постапувач ќе донесува нов ценовник секоја календарска година и истиот ќе му биде доставуван на договорниот производител најдоцна до 1 декември во тековната година.

Поединечната цена за управување на секој посебен тип на отпад не може да биде помала од 30% од висината на надоместокот за тој тек и

посебен вид на отпад кој е утврден во посебен пропис за посебниот тек на отпад, донесен од надлежен државен орган.

Член 10

Во случај кога во текот на календарската година ќе дојде до промени на пазарните цени на производите и услугите од кои директно зависат трошоците за собирање, складирање, транспорт, третман или преработка на отпад или промени на законските одредби кои имаат влијание на формирањето на цените во ценовникот, колективниот постапувач има право да врши промени во ценовникот пред истекот на неговата важност.

Член 11

Колективниот постапувач е должен остварената добивка од своето работење исклучиво да ја користи за остварување на обврските за постапување со посебните текови на отпад, согласно законските прописи.

Член 12

Колективниот постапувач секоја година ќе му издава потврда на договорниот производител за склучен договор за постапување со посебните текови на отпад, која потврда ќе биде основа за ослободување на договорниот производител од обврската за плаќање надоместок на трезорската сметка за постапување со посебните текови на отпад.

По потреба, колективниот постапувач ќе му издава на договорниот производител и други потврди и документи кои ќе му бидат потребни согласно законските прописи.

Член 13

Колективниот постапувач е должен да доставува годишен извештај за постапување со посебните текови на отпад врз основа на проширената одговорност на договорниот производител и други договорни производители со кои има склучено договори за постапување со посебните текови на отпад. Колективниот постапувач нема никаква одговорност за содржината и вистинитоста на податоците содржани во извештаите добиени од договорниот производител врз основа на кои е правен годишниот извештај опишан во став 1.

Член 14

При поднесувањето на годишниот извештај, колективниот постапувач го известува стручниот орган доколку договорниот производител не го платил надоместокот за постапување со посебните текови на отпад најмалку за три месеци во годината за која се однесува извештајот.

Член 15

Доколку колективниот постапувач се посомнева во вистиноста на извештаите добиени од договорниот производител, има право да побара ревизија која ќе биде извршена од независно стручно правно или физичко лице.

Член 16

Во случај кога ревизорот ќе утврди дека договорниот производител реално и вистинито ги внесувал податоците во извештаите доставени до колективниот постапувач, трошоците за ревизијата паѓаат на товар на колективниот постапувач.

Во случај кога ревизорот ќе утврди дека договорниот производител нереално или невистинито ги внесувал податоците во извештаите доставени до колективниот постапувач, трошоците за ревизијата паѓаат на товар на договорниот производител.

Член 17

Колективниот постапувач ќе му ја надомести сета штета на договорниот производител и неговиот управител лично, која штета би била предизвикана од нестручно, несовесно или неодговорно исполнување на законските обврски или обврските преземени со овој Договор и тоа како материјална штета за изречени казни и санкции така и нематеријална штета по основ на повредена чест и углед.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ПРОИЗВОДИТЕЛ

Член 18

Договорниот производител е должен да ја остварува својата проширена одговорност за постапување со посебните текови на отпад поради потребата од исполнување на националните цели за собирање, преработка и рециклирање на отпад.

Согласно одредбите од законските прописи и овој Договор, договорниот производител има финансиска одговорност за остварување на проширената одговорност.

Член 19

Договорниот производител е должен на отпадта која ја пушта на пазар, на видно место, да обезбеди јасно видлива, читлива и прикажана на неизбришлив начин, ознака за обврската за одделно постапување со посебните текови на отпад.

Член 20

Договорниот производител е должен да ја информира јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпад како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно постапување со посебните текови на отпад;
- воспоставените системи на преземање и постапување со посебните текови на отпад кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка со посебните текови на отпад ;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во посебните текови на отпад, како и

- други законски обврски за информирање со посебните текови на отпад
.

Член 21

Договорниот производител е должен да ги информира операторите на инсталации за третман за:

- можностите за повторна употреба и третман, за секоја категорија на нов отпад;
- различните составни делови и материјали на отпад;
- местата каде што во отпад се наоѓаат опасните супстанции, како и
- други законски обврски за информирање.

Член 22

Податоците за видот и количината на посебните текови на отпад пуштени на пазарот, договорниот производител ќе ги доставува до колективниот постапувач на образец кој е составен дел на овој Договор, во печатена и електронска форма.

Договорниот производител ќе ги доставува податоците од став 1 на овој член секој месец, до петтиот ден во месецот за претходниот месец.

Податоците кои нема да бидат доставени на пропишаниот образец нема да бидат прифатени и обработени од колективниот постапувач и ќе се смета дека воопшто не се доставени од договорниот производител.

Член 23

Договорниот производител ќе биде ослободен од обврската за плаќање надоместок на трезорската сметка за постапување со посебните текови на отпад за количините на отпад за кои му е платен надоместок на колективниот постапувач.

Член 24

Договорниот производител е должен редовно да ја следи работата на колективниот постапувач во поглед на исполнувањето на неговите обврски со постапување со посебните текови на отпад согласно законските прописи.

Член 25

Во случај на ревизија за утврдување на фактичката состојба во поглед на видот и количините на посебните текови на отпад пуштени на пазарот, договорниот производител е должен да му ја стави на увид на ревизорот целокупната документација од своето работење и да му овозможи да изврши увид во своите деловни простории и магацини.

Член 26

Доколку со ревизијата се утврди дека договорниот производител прикажал помали количини на посебните текови на отпад од реалните или

не ги прикажал точно категориите или видовите на отпад пуштени на пазарот, колективниот постапувач ќе го достави ревизискиот извештај до стручниот орган.

Член 27

Договорниот производител ќе му ја надомести сета штета на колективниот постапувач и неговиот управител лично, која штета би била предизвикана со невистинито или неточно пополнување на месечните извештаи и тоа како материјална штета по основ на изречени казни, санкции и слично за колективниот постапувач и неговиот управител така и нематеријална штета по основ на нарушена чест и углед, изгубена заработувачка по основ на изречени забрани или ограничувања во работата и слично.

ОБВРСКА ЗА ЧУВАЊЕ ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 28

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој Договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој Договор, да ги чуваат како деловна тајна и да не ги пренесуваат на трети физички и правни лица.

Обврската за чување на деловна тајна важи и по престанувањето на важноста на овој Договор.

Информациите и податоците од став 1 на овој член можат да се користат при евентуални судски постапки кои би произлегле од реализацијата на овој Договор.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 29

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Доколку овој Договор не биде раскинат до крајот на една фискална година, неговата важност се продолжува и за целата следна фискална година.

Член 30

Доколку ценовникот за следната календарска година не биде прифатен, потпишан од договорниот производител и вратен на колективниот постапувач најдоцна до 15 декември во текот на календарската година, ќе се смета дека овој Договор е раскинат заклучно со 31 декември во годината во која бил во важност последниот заеднички прифатен ценовник.

Доколку ценовникот кој е променет во текот на календарската година не биде прифатен, потпишан од договорниот производител и вратен на

колективниот постапувач во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот, ќе се смета дека овој Договор е раскинат заклучно со триесеттиот ден од денот на приемот кај договорниот производител, без вина на ниедна од договорните страни.

Член 31

Колективниот постапувач може едностранo да го раскине договорот без отказен рок во следниве случаи:

- доколку договорниот производител не плати надоместок за најмалку шест месеци односно доколку не ги почитува роковите за плаќање на фактурите издадени врз основа на податоците од два квартални извештаи. Во овој случај колективниот постапувач ќе го извести стручниот орган за раскинувањето на Договоров и на својата интернет страница ќе го објави називот и седиштето на договорен производител;
- доколку договорниот производител не достави месечни извештаи за видот и количината на отпад пуштена на пазарот за три месеци.

Член 32

Во овој случај кога една од договорните страни не е задоволна од соработката може на другата страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен рок.

Член 33

Доколку договорниот производител се доведе во состојба на финансиска неликвидност или е започната постапка за стечај или ликвидација, должен е веднаш да го извести колективниот постапувач и да му достави докази за настанатата состојба. Во тој случај колективниот постапувач ќе продолжи да ги спроведува обврските од овој Договор кои произлегуваат за договорниот договорен производител се до крајот на фискалната година по што едностранo го раскинува овој Договор и го известува стручниот орган.

Во други случаи на откажување на Договорот, најавата за откажување на Договорот сметано од почетокот на следната фискалната година, треба да биде доставена до другата страна во писмена форма и тоа најдоцна до крајот на третиот квартал од тековната година.

Член 34

Во секој случај на раскинување на овој Договор, договорниот производител е должен да ги подмири финансиските обврски кон колективниот постапувач до денот на раскинувањето на овој Договор.

Спречување на корупција

Член 35

Договорните страни потврдуваат дека во текот на спроведувањето на Договорот ќе се придржуваат до највисоките етички стандарди и Законот за спречување на корупцијата, со цел спречување на корупцијата и сродните појави.

За целта на оваа одредба ќе се смета дека:

-„корупција“ значи нудење, давање, примање или барање, директно или индиректно на нешто вредно што ќе влијае на активностите на другата страна;
„ измама” значи постапка на пропуштање, вклучувајќи и давање на невистинити тврдења, кое свесно или непромислено доведува до заблуда, или обид за наведување на погрешно мислење, со цел едната страна да обезбеди финансиска или друга корист или да избегне некаква обврска;
„доведување во заблуда“ значи согласност помеѓу две или повеќе страни со цел постигнување на недозволена цел, вклучувајќи и недозволено влијание врз активностите на другата страна;
„принуда“ опфаќа дејствија на загрозување, повредување или нанесување на штета или заканување за загрозување, повредување или нанесување на штета, на директен или индиректен начин на лица или нивен имот за да се изврши влијание врз нивното учество во процесот на набавка, или врз извршување на договор;
„опструктивна практика“ опфаќа намерно уништување, фалсификување, менување или прикривање на доказен материјал за истрага или давање лажни изјави со цел попречување на истрагата во тврдењата за корупција, измама, принуда или манипулација; и/или заканување, малтретирање или заплашување на некоја страна за да се спречи откривање на сознанија релевантни за истрагата или за спроведување на истрага, како и намерно делување за да се оневозможи работата и остварување на правата на ревизијата.

Спречување перење пари и финансирање на тероризам

Член 36

Договорните страни се согласни во делот на законската обврска да извршат идентификација за потребите на исполнување на овој Договор, дека не постојат лажни или сомнителни документи, дека постои економска оправданост на целите на овој Договор, како и дека се согласни да извршат сестрана анализа од аспект на нивна идентфикација, утврување на вистинскиот сопственик, давање на информации за целта и намерата на деловниот однос по повод овој Договор, неговата деловна активност и сопственичка и контролна структура и дека од аспект на споменатиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, не постои ниту минимален ризик во вршење на деловниот потфат на Договорните страни.

Заштита на лични податоци

Член 37

Договорните страни се обврзани да ги чуваат во тајност сите информации, документации, официјални дописи, технички планови и оперативни детали поврзани со дејноста на Колективниот постапувач, како и сите податоци нејзиниот состав, организација и финансиски бизнис, технологијата на работа, деловните односи, маркетинг планови и услуги вклучувајќи примероци на податоците во сите средства, кои се применети од другата договорна страна или кои на друг начин стигнале во нивна сопственост за време на валидноста на овој Договор (во понатамошниот текст како: „Доверливи податоци“).

Доверливите податоци без оглед на медиумот и формата во која ќе бидат разменети, усна, писмена или електронска претставуваат деловна тајна и се во ограничена употреба помеѓу договорните страни со исклучива намена за преземање дејствија со цел да се реализираат услугите кои се предмет на овој Договор. Доверливите податоци ќе бидат единствено достапни на вработените и одговорните лица кај нив, врз основа на овластувањата што ги имаат тие лица за извршување на конкретни задачи според доделените работи и работни задачи и само во оној обем кој што на таквите лица им е потребен за извршување на работите по овој Договор, при што таквите вработени треба да се соодветно договорно обврзани за чување на доверливоста.

Договорните страни се особено обврзани да:

- не откриваат, без претходна писмена согласност или упатство на другата договорна страна, било какви Доверливи податоци на трета страна, Под “откривање” на Доверливи податоци во смисла на овој член, се подразбира овозможување пристап до истите на трета страна, без разлика на формата дали истото е со овозможување директен или индиректен увид во податоците или преку усно пренесена информација, без разлика на обемот дали истите се целосно или делумно откриени и без разлика дали истите се откриени со намера или од невнимание.
- директно или индиректно, да не користат било какви Доверливи информации со цел здобивање со лична корист или за корист на друго лице;
- да ги уништуваат или враќаат сите доверливи материјали, т.е. материјали и средства кои содржат Доверливи податоци за другата договорна страна, вклучувајќи ги сите примероци без разлика на формата во која тие се обезбедени, кога се побарани од другата договорна страна, или веднаш по завршувањето на обврските за кои се користел таквиот Доверлив материјал;
- да не чуваат примероци на Доверливи податоци по истекот на овој Договор без разлика на начинот на кој се направени примероците.

- Доколку договорните страни назначат под-договорен партнер за реализација на предметот на овој Договор, должни се договорно да го обврзат на чување на тајноста на податоците и на почитување на веќе договорените услови од овој Договор. Притоа, договорната страна која назначила под-договорен партнер останува одговорна спрема другата договорна страна за заштита на доверливоста на податоците кои се разменети за реализација на предметот на овој Договор како и за надомест на евентуалната штета предизвикана од непочитување на оваа обврска.
- Договорните страни ќе соработуваат меѓусебно за да се утврдат било какви сомнителни, нелегални, лажни или несоодветни активности и технички пропусти во системот и ќе ги превземат сите потребни мерки за нивно надминување.
- Заради реализација на предметот на овој Договор, секоја договорна страна ќе врши обработка на лични податоци на крајните корисници на другата договорна страна во својство на обработувач на лични податоци дефинирано во Законот за заштита на лични податоци. Договорните страни смеат да извршуваат одделни работи во врска со обработката на лични податоци на крајните корисници на другата договорна страна само во рамките на овластувањата предвидени во овој Договор и законските ограничувања и истите не смеат да ги обработуваат за никаква друга цел, ниту да ги доставуваат на трети лица.
- Должноста за заштита на личните податоци и деловната тајна настапува во моментот кога договорните страни ќе се запознаат со нив и трае целото време на важењето на овој Договор, како и по неговото престанување. Договорните страни при обработката на личните податоци ќе постапуваат согласно со Законот за заштита на личните податоци и сопствените интерни акти кои ја регулираат заштитата на лични податоци. Притоа секоја договорна страна ќе биде одговорна за надомест на штетата која ја предизвикала од непочитувањето на договорните обврски за доверливост и заштита на личните податоци, утврдени со овој Договор.
- Во случај на престанување на договорниот однос по било кој основ, страните меѓусебно се обврзуваат на другата договорна страна да и ги вратат личните податоци без непотребно одложување. По исполнувањето на целта заради која личните податоци биле прибрани, тие треба да се избришат од збирката на податоци.
- Договорните страни се согласни да постапуваат единствено во согласност со упатствата добиени од другата договорна страна при обработката на лични податоци на нејзините крајни корисници.
- Договорните страни се обврзуваат да преземат соодветни технички и организациски мерки за да обезбедат тајност и заштита на обработката на личните податоци, во согласност со Правилникот за техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на лични податоци пропишана од страна на Директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци. Доколку за реализација на Договорот ангажираат под-договорен партнер, должни се да го обврзат да ги

имплементира овие технички и организациони мерки за заштита на личните податоци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Промени на овој Договор може да се прават само со писмен анекс потпишан и заверен од двете договорни страни.

Член 39

Секој од договарачите е должен веднаш да ја извести другата страна во случај на промена на називот на фирмата, седиштето, електронското сандаче или друга промена во трговскиот регистар од значење за соработката при реализацијата на овој Договор.

Член 40

За што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, Законот за постапување со посебните текови на отпадот и Законот за управување со дополнителни текови на отпад, Законот за облигационите односи други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

При реализацијата на преземените обврски со овој Договор, договорните страни ќе ги почитуваат позитивните законски прописи без оглед дали тие се донесени пред или по потпишувањето и заверката на овој Договор од двете договорни страни.

Член 41

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат спорот да го решат спогодбено а доколку во тоа не успеат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

Д О Г О В О Р Н И С Т Р А Н И :

Колективен постапувач Договорен производител

Управител Управител